Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јануари 2021 година

Скопје, јануари 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Триесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јануари 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Ејуп Рустеми, директор на Јавното претпријатие за државни патишта и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Бизнис план за 2021 година, Инвестициона програма за 2021, 2022 и 2023 година, Финансиска програма за 2021 и Тригодишен план за период од 2021 до 2023 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со предлог-одлуки

2. Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година, со Предлог – одлука

3. Инвестициона програма на ЈП за водоснабдување Студенчица - Кичево за 2021 година, Финансиски план и Програма за работа за 2021 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со дополнувања и Предлог-одлука

4. Инвестициона програма на Јавно претпријатие Колекторски систем Скопје за 2021 година, Финансиски план и Програма за работа за 2021 година на Јавно претпријатие Колекторски систем, Скопје, со дополнувања и Предлог – одлука

5. Годишна инвестициона програма, Финансиски план и Програмата за работа за 2021 година на ЈП „Стрежево“ Битола, со дополнувања и Предлог - одлука

6. Годишна програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2021 година, со Предлог-одлука и Финансиски план за 2021 година

7. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог – одлука

8. Програма за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година, со предлог-одлуки

9. Предлог - програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2021 година

10. Предлог-програма за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2021 година

11. Предлог-програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2021 година

12. Предлог-програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2021 година

13. Годишен план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2021 година, со Предлог –одлука

14. Информација за Предлог -стратегија за безбедност на храната во Република Северна Македонија за период 2021 – 2025 година, со усогласен текст на Стратегијата

15. Предлог-програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2021 година

16. Годишна програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2021 година, со Предлог - одлука

17. Предлог-програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2021 година

18. Програма за работа, Финансиски план и Инвестициона програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог – одлука

19. Предлог -програма за основни геолошки истражувања за 2021 година

20. Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година и Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година, со Предлог- одлука

21. Информација за Предлог - среднорочна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021-2023 година, со текст на Среднорочна програма и Предлог–одлука

22. Информација за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2021 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

23. Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог – одлука

24. Финансиски план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог–одлука

25. Предлог-уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година

26. Информација за Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година, со текст на Национална стратегија

27. Предлог -програма за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2021 година

28. Предлог - програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2021 година

29. Предлог-програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2021 година

30. Предлог-програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2021 година

31. Предлог-програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

32. Предлог-програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година

33. Предлог - програма за семе и саден материјал во 2021 година

34. Предлог - програма за проширена репродукција на шумите за 2021 година

35. Предлог - програма за фитосанитарна политика во 2021 година

36. Информација за Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог-одлука

37. Предлог-програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година

38. Предлог-програма за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2021 година

39. Предлог-програма за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата

40. Предлог-програма за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022 година

41. Предлог-програма за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2021 година

42. Предлог - програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2021 година

43. Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2021 година

44. Предлог-програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи

45. Предлог - програма за заштита на природата за 2021 година

46. Годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2021 година

47. Предлог - програма за управување со водите за 2021 година

48. Предлог - програма за инвестирање во животната средина за 2021 година

49. Предлог - програма колекторски систем Охрид и Струга за 2021 година

50. Предлог-годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година

51. Предлог-програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2021 година

52. Кадровски прашања

53. Прашања и предлози

54. Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала @Борис Трајковски# ДООЕЛ Скопје за 2021 година

55. Финансиски план на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2021 година

56. Финансиски план на АД „Медиумска информативна агенција"-Скопје, во државна сопственост (МИА) за 2021 година

57. Годишна програма за работа за 2021 година на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост (МИА)

58. Годишна инвестициона програма за 2021 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје во државна сопственост

59. Инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа на АД ТЕЦ Неготино - Неготино за 2021 година, со дополнување

60. Програма за работа и развоен план на Друштвото и Годишен оперативен план за работа на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост за 2021/2022 година, со дополнувања

61. Финансиски план на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2021 година

62. Информација во врска со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, бр.02-10665/4-2 од 18.12.2020 година

63. Финансиски план, Годишна инвестициска програма и Годишен план за производство на електрична енергија на АД „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година

64. Годишна програма за работа, Финансиски план и Годишна инвестициона програма (ГИП) на „НЕР“ АД Скопје за 2021 година

65. Информација во врска со неодобрени барања поднесени до Јавното претпријатие за државни патишта за враќање на данок на додадена вредност за изградба на патна делница, Кичево - Охрид од страна на изведувачот „Синохидро Корпорејшн Лимитед“ – Кина

66. Предлог-програма за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година и Програма за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година со Финансиски план

67. Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година

68. Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година

69. Информација за набавка на мРНА (мРНК) вакцини против Ковид-19 од производителот Фајзер (Pfizer)-склучување на договор и регистрација на вакцината во Република Северна Македонија

70. Информација за отпочнување со реализација на проектот - Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип

71. Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Бизнис планот за 2021 година, Инвестиционата програма за 2021, 2022 и 2023 година, Финансиската програма за 2021 и Тригодишниот план за период од 2021 до 2023 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со предлог-одлуки, поради потребата да се одржи состанок на кој да присуствуваат Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и директорот со претставници на Управниот и Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, на кој ќе се разгледа состојбата во ова акционерско друштво.

Материјалот да се разгледа на седница на Владата, откако ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја одложи од разгледување Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година, со Предлог – одлука за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да ја дополни Годишната програма со следните патни правци:

-Почеток на изградба на експресен пат Битола – Меџитлија;
-Изработка на физибилити студија и идеен проект, согласно ФИДИК правилата за автопатско решение Битола – Прилеп;

-Автопатско решение Тетово – Гостивар – Кичево, како и
-Автопатско поврзување Охрид - Струга - Ќафасан, согласно укажувањата на УНЕСКО (Кичево како почетна точка).

Дополнетата Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година претходно да се разгледа и донесе на седница на Управниот одбор и да се обезбеди мислење од Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

## Точка 3

Владата по Инвестиционата програма на ЈП за водоснабдување Студенчица - Кичево за 2021 година, Финансиски план и Програма за работа за 2021 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, со дополнувањата и Предлог-одлука, заклучи:

1.Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за 2021 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, во предложениот текст.

2.Ги разгледа Програмата за работа за 2021 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево и Финансискиот план за 2021 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, како материјали за информирање.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 4

Владата по новиот текст на Инвестиционата програма на Јавно претпријатие Колекторски систем Скопје за 2021 година, новиот текст на Финансискиот план и Програмата за работа за 2021 година на Јавно претпријатие „Колекторски систем", Скопје, со дополнувањата и Предлог – одлука заклучи:

1.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за 2021 година на Јавното претпријатие „Колекторски систем", во предложениот текст.

2.Ги разгледа Програмата за работа за 2021 година на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје и новиот текст на Финансискиот план за 2021 година на Јавно претпријатие Колекторски систем Скопје, како материјали за информирање.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата по коригираната Годишна инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2021 година на ЈП „Стрежево“ Битола, со дополнувањата заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за 2021 година, во предложениот текст .

2. Ги разгледа новите текстови на Програмата за работа за 2021 година на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола и Финансискиот план за 2021 година на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, како материјали за информирање.

**Точка 6**

Владата по Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2021 година, со Предлог-одлука и Финансиски план за 2021 година ги усвои следниве заклучоци:

1. Условно го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје за 2021 година, доколку текстот на Програмата се усогласи со мислењата на Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии.

2. Го разгледа Финансискиот план за 2021 година на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата по новиот текст на Програмата за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог - одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја одложи од разгледување Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година, со предлог-одлуки, за

наредната седница на Владата што ќе се одржи во вторник (19 јануари 2021 година) поради потребата предлагачот да постапи по укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

Исто така, предлагачот да достави пополнети табеларни прегледи, согласно урнеците за финансиско информирање, со споредбени биланс на состојба и биланс на успех, од претходните години.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата по Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2021 година ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2021 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог - стратегија за безбедност на храната во Република Северна Македонија за период 2021 – 2025 година, со усогласен текст на Стратегијата и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Условно го усвои новиот текст на Стратегијата за безбедност на храната во Република Северна Македонија за период 2021 – 2025 година доколку текстот се усогласи со Секретаријатот за европски прашања.

2.Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство на годишна основа да доставува Извештај за степенот на реализација на Стратегијата за безбедност на храната во Република Северна Македонија за период 2021 – 2025 година.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата по новиот текст на Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2021 година, го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Годишната програма со Финансиски план за 2021 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата по најновите текстови на Програмата за работа, Финансискиот план и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог – одлука, заклучи:

-Ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст,

-Ги разгледа Програмата за работа и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјали за информирање.

**Точка 19**

Владата ја донесе Програмата за основни геолошки истражувања за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата по Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година и Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година, со Предлог- одлука заклучи:

1.Го донесе новиот текст на Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Фондот за осигурување за депозити за 2021 година, во предложениот текст.

2.Ја разгледа Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог - среднорочна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021-2023 година, со текст на Среднорочна програма и Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021-2023 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, обврските кои ќе доспеат во фискални 2022 година и 2023 година, како и планираните повици да бидат прикажани и да бидат димензионирани во рамките на максималните лимити на расходи.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2021 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

-најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021 година, во предложениот текст.

-најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021 година.

**Точка 23**

Владата по Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог – одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Годишната програма за работата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во Системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 24**

Владата по Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година, со нов текст на Предлог – одлука ја донесе Одлуката за давање на согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 25**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година, со текст на Национална стратегија, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021-2027 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи согласно укажувањето на Министерството за финансии и да го коригира Образецот за фискални импликации соодветно со одобрениот Буџет за 2021 година, а со ребалансот на Буџет ќе се дополни разликата на средствата.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

**Точка 29**

Владата ја донесе Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 31**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 32**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за семе и саден материјал во 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на  Програмата за проширена репродукција на шумите за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за фитосанитарна политика во 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 37**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 38**

Владата ја донесе Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 40**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022 година, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 41**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

Точка 44

Владата го донесе новиот текст на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во Системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 45

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за заштита на природата за 2021 година, во предложениот текст.

Точка 46

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2021 година (најнов текст), во предложениот текст.

Точка 47

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за управување со водите за 2021 година, во предложениот текст.

Точка 48

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - програмата за инвестирање во животната средина за 2021 година, за наредната седница на Владата која ќе се одржи на 19 јануари 2021 година (вторник), поради потребата Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави мислење по Предлог-програмата.

Точка 49

Владата го донесе најновиот текст на Програмата колекторски систем Охрид и Струга за 2021 година, со заклучок во делот II од текстот на истата зборот „капитални“ да се избрише.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во Системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 50

Владата го донесе најновиот текст на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 51**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 52**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 53**

**1.**Владата по Барањето за покровителство на проектот „Денови на Свети Сава“- Одбележување на националниот ден на Србите во Македонија, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**2.**Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог - законот за изменување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.44-8964/1 од 27 септември 2020 година.

**3.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за корона-вирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 6 јануари 2021 до 12 јануари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 54**

Владата го разгледа Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 55**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Финансискиот план на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост (МИА) за 2021 година, како материјал за информирање.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа за 2021 година на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост (МИА), како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Годишната инвестициона програма за 2021 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје во државна сопственост, како материјал за информирање.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 59**

Владата ги разгледа новите текстови на Инвестиционата програма, Финансискиот план и Програмата за работа на АД ТЕЦ Неготино - Неготино за 2021 година, со дополнувањето, како материјали за информирање.

**Точка 60**

Владата ги разгледа Програмата за работа и развоен план на Друштвото и Годишниот оперативен план за работа на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост за 2021/2022 година, со дополнувањата, како материјали за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на потребата предлагачот да го коригира Финансискиот план согласно усно изнесеното мислење на министерот за финансии односно наместо предвидените 12 вработувања по основ на пензионирање да се реализираат 10.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, бр.02-10665/4-2 од 18.12.2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во делот на нови вработувања да ги има предвид владините програмски определби за рационализирање на работни места.

**Точка 63**

Владата ги разгледа Финансискиот план, Годишната инвестициска програма и Годишниот план за производство на електрична енергија на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година, како материјали за информирање.

**Точка 64**

Владата ги разгледа Годишната програма за работа, Финансискиот план и Годишната инвестициона програма (ГИП) на НЕР АД Скопје за 2021 година, како материјали за информирање.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, со укажување дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со неодобрени барања поднесени до Јавното претпријатие за државни патишта за враќање на данок на додадена вредност за изградба на патна делница, Кичево - Охрид од страна на Изведувачот „Синохидро Корпорејшн Лимитед" – Кина и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Даде согласност за одобрување на барањата наведени во Табеларниот преглед на неодобрени барања за враќање на данокот на додадена вредност.

2.Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта Табеларниот преглед на неодобрени барања за враќање на данокот на додадена вредност да го достави до Управата за јавни приходи, со цел нивно реализирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 66**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година и Програмата за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година со Финансиски план, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања, согласно расправата на седницата на Владата.

Предлог – програмата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и  тековна економска политика.

**Точка 67**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција на основни  училишта за 2021 година, со заклучок истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на мРНА (мРНК) вакцини против Ковид-19 од производителот Фајзер (Pfizer)-склучување на договор и регистрација на вакцината во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство да го извести производителот Фајзер (Pfizer) дека Договорот за набавка на мРНА (мРНК) вакцините што треба да се склучи помеѓу Владата на Република Северна Македонија и производителот Фајзер (Pfizer) ќе се склучи согласно член 19 став (2) точка ѓ) од Законот за јавните набавки без да се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки со оглед на тоа дека доделувањето и извршувањето на Договорот за набавка на мРНА (мРНК) вакцините со производителот Фајзер (Pfizer) ќе се класифицира со безбедносна класификација согласно со прописите за заштита на класифицирани информации поради остварување на основните интереси на државата за набавка на вакцини против COVID-19 во најкус можен рок со цел заштита на јавното здравје и рестартирање на економијата како јавен интерес од една страна, како и заради барањето на производителот Фајзер (Pfizer) да се почитува и прифати нивната глобална политика договорот за набавка на нивните вакцини и цената на вакцините да бидат доверливи од друга страна.

2. Се задолжува Министерството за здравство веднаш по добивањето на договорот за набавка на мРНА (мРНК) вакцините со производителот Фајзер (Pfizer) да го достави до Владата и истиот да се разгледа на затворена седница.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот „Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња", Општина Штип и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021, 2022 и 2023 година на Министерството за транспорт и врски, за изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња", Општина Штип, во вкупна вредност од 460 милиони денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2021 година – средства во износ од 160 милиони денари со вклучен ДДВ;
- 2022 година – средства во износ од 150 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2023 година – средства во износ од 150 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 71**

Владата го донесе најновиот текст на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година, во предложениот текст.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:40 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |